**Оглас**
**Краткорочен ИКТ експерт во**
**Проект финансиран од ЕУ "Поддршка на ЕУ за владеење на правото"**

| | |
|---|---|
| Работодавач: | Агенција за европска интеграција и економски развој (АЕИ) |
| Локација: | Скопје, Република Северна Македонија |
| Вид: | локален краткорочен експерт |
| Очекуван почеток: | јануари 2022 |
| Очекувано времетраење: | 20 работни денови, јануари 2022 – февруари 2022 |

## КОНТЕКСТ

Краткорочниот експерт ќе работи како дел од тимот за имплементација на грантот доделен од страна на Европската Унија „Поддршка на ЕУ за владеење на правото" во Република Северна Македонија. Проектот се спроведува од страна на искусно меѓународно партнерство под раководство на Агенцијата за европска интеграција и економски развој (АЕИ) и тројцата партнери – Министерството за правда и администрација на Република Хрватска, Министерството за внатрешни работи на Република Австрија и Институтот за основни и човекови права Лудвиг Болтцман. Целта на проектот е јакнење на владеењето на правото во Република Северна Македонија.

Работата ќе се одвива во рамките на Компонентата 3 - Подобрување на превенцијата и борбата против корупцијата. Еден од очекуваните резултати во оваа компонента е подобрување на спроведувањето на Законот за лобирање и ограничувањето на подароците. Една активност во рамките на овој резултат е посветена на развивање на ИКТ алатки за поддршка на Законот за лобирање.

## УЛОГИ И ОДГОВОРНОСТИ

Краткорочниот експерт за ИКТ ќе развие веб алатка за запишување во Регистарот, промени и бришење од Регистарот преку веб како и јавен регистар и "поврзување помеѓу зашишувањето и Регистарот ". Исто така, ќе се развие систем на црвени знамиња врз основа на информациите добиени од вработените во ДКСК.

Краткорочниот експерт директно ќе одговара пред лидерот на компонентата 3 и меѓународниот технички експерт за ИКТ. Развојот на ИКТ алатките треба да се

синхронизира со развојот на другите регистри кои постојат вп ДКСК или оние кои се во процес на изработка. Ова ќе овозможи сличен дизајн и ќе обезбеди алатки кои се лесни за користење за персоналот на ДКСК кој работи на неколку регистри.

Експертот ќе одржува состаноци еднаш неделно. Целта на овие состаноци е внимателно следење на работата на Експертот и добивање информации за сите прашања што треба да ги реши ДКСК.

**ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ**

Краткорочниот експерт за ИКТ во првата фаза ќе развие тест верзија на алатките за запишување, промени во апликацијата и бришење од Регистарот. Оваа верзија ќе биде тестирана од пилот институциите и ДКСК. Во втората фаза, покрај финализирањето на развојот на тест верзиите, ќе се направи и тест верзија на регистарот и системот на црвени знамиња. Конечно, целосно развиената апликација ќе биде тестирана и финализирана.

**БАРАЊА**

**Општи**

- Универзитетско образование (или десет годишно соодветно искуство)
- 7 години севкупно професионално искуство по дипломирањето
- Одлично познавање на македонскиот и англискиот јазик

**Конкретно професионално искуство**

- Докажано значително искуство во анализа, дефинирање и спроведување на деловни процеси
- Докажано значително искуство во анализа на ИКТ системи
- Докажано значително искуство во обезбедување спецификации за барања за системи за ИТ, кои вклучуваат ИТ системи со компоненти за интеграција
- Докажано значително искуство во развој на веб апликации
- Докажано значително искуство во развој и/или примена на интеграцијата со системот за управување со документи Алфреско
- Докажано значително искуство во програмскиот јазик Јава

**ПРЕДНОСТИ**

- Практично искуство во имплементацијата на системи за ИТ во јавни институции

**ПОДНЕСУВАЊЕ НА АПЛИКАЦИИ**

Апликациите мора да бидат испратени до dragan.kovacevic@aei.at и lena.andersson@rol.mk до 27.12.2021 година, со назнака „Краткорочен експерт за ИКТ"



This project is funded by the European Union
AEI.AT Agency for European Integration and Economic Development
Federal Ministry Republic of Austria Interior
REPUBLIC OF CROATIA Ministry of Justice and Public Administration
LUDWIG BOLTZMANN INSTITUTE Fundamental and Human Rights
EU with YOU

- во насловот на пораката, вклучувајќи Europass формат на CV (кратка биографија) и мотивациско писмо на англиски јазик. Апликациите кои ќе бидат испратени по истекот на рокот или непотполните апликации нема да бидат земени предвид. Само кандидатите селектирани во потесен круг ќе бидат повикани на интервју.

Избраниот експерт ќе потпише договор за услуги со проектот. Единствената негова/нејзина одговорност ќе биде да ги исполни сите законски барања на овој договор, како и да ги покрие сите поврзани даноци и давачки.

Експертот не смее да има склучено каков било договор со јавната администрација на Република Северна Македонија во последните 6 месеци пред неговиот ангажман.



This project is funded by the European Union
AEI.AT Agency for European Integration and Economic Development
Federal Ministry Republic of Austria Interior
REPUBLIC OF CROATIA Ministry of Justice and Public Administration
LUDWIG BOLTZMANN INSTITUTE Fundamental and Human Rights
EU with YOU